*Јуни 2009*

# Дали Македонија е спремна да започне преговори со ЕУ за Поглавјето 27?

- Резиме -

Македонија како земја од Западен Балкан претставува предизвик за Европската Унија (ЕУ). Овој краток опис на политиката за животната средина ги испитува интегративните напори на Македонија во оваа сфера. Нашата цел е да ги изнесеме различна перспектива на јавната перцепција кон Поглавје 27 како дел од евроинтегративниот процес. Во период на глобална рецесија, политиката за животна средина е често занемарувана затоа што се смета за голем расход од буџетските средства. Затоа, овој текст има за цел да ја стави животната средина напред и да го насочи вниманието на јавноста кон македонските резултати во секторот за животна средина, пред се поради забележливите промени и прогрес во овој дел. Со ова, ние настојуваме кон попозитивен поглед на состојбата на животната средина во Македонија и напредокот на земјата во приближување кон ЕУ.

Преку компаративна анализа, овој текст ги изнесува предзвиците и препреките на реформскиот процес во однос на заштитата на животната средина во текот на предпристапниот период во Словачка и Хрватска. Како нова членка на ЕУ, Словачка е избрана со цел подбро да се идентификуваат начините на кои Словачка се справила со бариерите во животната средина во текот на евроитеграцијата. Хрватска е моментален кандидат за членство и како таква споделува голем број од предизвиците со кои Македонија се соочува во делот на изедначување на законите за животна средина со аквисот (Европската регулатива). Поради напредокот на патот кон ЕУ членство, Хрватска е корисен модел за Македонија.

Од изнесените податоци за реформите во секоторот за животна средина во предпристапниот период, може да се виде дека на патот кон реформите Македонија и Хрватска имаат сличности во оние предизвици со кои Словачка се соочила пред пристапот кон ЕУ.

Македонија напредува во реформите во заштитата на животната средина исто како Словачка и Хрватска пред стартот на преговорите за пристап, што е јасен сигнал дека земјата е подготвена да ги започне преговорите за членство во однос на Поглавје 27. Во блиска иднина се очекува Македонија да забележи зголемен економски и технолошки раст. Со оглед на тоа што закаnите за животната средина се зголемуваат со економскиот поратст, доста важно е Македонија да ги исполнува добровоспоставените европски регулативи за заштита на животната средина.